ЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
SHTETËROR PER PARANADALIM TE KORRUPSIONIT
09- 1189/2
22-05-2020 год.-viti

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од познат подносител, на 30та седница одржана на ден 18.05. 2020 донесе

**О д л у к а**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-1189/1 од 19.02.2020 година доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по истиот.

Предметот со број 09-1189/1 од 19.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1189/1 од 19.02.2020 година е оформен врз основа на пријава од познат пријавител, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, против Градоначалникот на Општина и Претседател на Советот на истата општина.

Во пријавата е наведено дека Градоначалникот и Претседателот на Советот на истата општина се во вонбрачна заедница, а тоа значи дека двајцата иако согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите се блиски лица, се носители на јавна и раководна функција во иста општина.

При разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај не станува збор за состојба на судир на интереси, затоа што Советот на општината е раководно тело во општината, а претседателот на Советот се избира на предлог на било кој член на Советот, а не на предлог на градоначалникот и притоа членовите на Советот се тие кои се изјаснуваат за согласноста по предлогот за избор на Претседател на Совет на општина, односно за Претседател ќе биде избрано лицето кое добило мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот .

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

Изработил: м-р Ема Нешковска, соработник
Одобрил: Шемши Салаи, член на ДКСК


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk